Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
**Државен Инспекторат за Животна Средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

ИП Бр.29-770
Дата: 25.08.2025 год.
Тетово

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен инспекторат за животна средина** (Палата Емануел Чучков)
Ул."Павел Шатев" бр.2 5ти спрат
1000 Скопје
www.sei.gov.mk

Канцеларија во Тетово
Ул.Илинденска ББ
ГТЦ, I кат, локал бр.28
1200 Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jettësor dhe planifikimit haptësinor**
**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Rr."Pavel Shatev" nr.2 Kati i V
1000 Shkup
www.sei.gov.mk

Zyra në Tetovë
Rr.Ilindenit pa numër
QTQ, Kati I, lokali nr.28
1200 Tetovë

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Бедри Суљејмани, со службена легитимација број 06-0018, изврши редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДТУ ДЕФАКТО РЕТАИЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ – Подружница ПАЛМА МАЛЛ ТЕТОВО со седиште во ТЦ ПАЛМА МАЛЛ Тетово – Ул.Скопски Пат Бр.8 ПР 08/К1 05 Тетово, застапувано од управителот Арда Алпоскај, и со Записник Бр.29-770 од 20.08.2025 година, утврди недостатоци и врз основа на член 42 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (ЗУПОП) (Сл весник на РСМ бр.17/11, бр.47/11, бр.136/11, бр.6/12, бр.39/12, бр.163/13, бр.146/15, бр.39/16, бр.99/18 и бр.215/2021), член 33 од Закон за инспекциски надзор во животната средина (Сл.весник на РСМ бр.99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РСМ бр.102/2019), донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект ДТУ ДЕФАКТО РЕТАИЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ – Подружница ПАЛМА МАЛЛ ТЕТОВО со матичен број [redacted] и со даночен број 4080021596653, (47.71 – Трговија на мало со облека во специјализирани продавници) со седиште во ТЦ ПАЛМА МАЛЛ Тетово – Ул.Скопски Пат Бр.8 ПР 08/К1 05, претставено од управителот г-дин Арда Алпоскај во рок од 30 (триесет) дена од денот на прием на ова решение:

1. Да води евиденција и да изготви извештај согласно член 19 од ЗУПОП за количините на пакување кои субјектот ги има произведено, увезено/пуштено на пазар за периодот од 01.01.2025 година и континуирано.

2. Да достави до Државниот Инспекторат За Животна Средина Уплатница за уплатен надоместок за управување со отпад од пакување во рамките на трезорска сметка на РСМ согласно член 35 од ЗУПОП, за период од 01.01.2025 година.

3. За отпадот од пакување што го создава, да обезбеди постапување со истиот, согласно одредбите од Законот за управување со пакување и отпад од пакување, односно:

А) Самостојно да постапува, да обезбедува Дозвола како самостоен постапувач за управување со пакување и отпад од пакување или

Б) Да склучи договор со правно лице кое поседува Дозвола за постапување со пакување и отпад од пакување (колективен постапувач).

4. За превземените активности да го информира Државниот инспекторат за животна средина во рок од три (3) дена писмено или во електронска форма.

5. Доколку горенаведениот правен субјект не постапи според задолженијата од претходните точки од ова решение Државниот инспекторат за животна средина ќе постапи согласно член 49 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Сл.Весник на РСМ бр.215/2021).

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Државен инспекторат за животна средина** (Палата Емануел Чучков)
Ул."Павел Шатев" бр.2 5ти спрат
1000 Скопје
www.sei.gov.mk

Канцеларија во Тетово
Ул.Илинденска ББ
ГТЦ, I кат, локал бр.28
1200 Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jettësor dhe planifikimit haptësinor**
**Inspektorati shtetëror i mjedisit jetësor**
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Rr."Pavel Shatev" nr.2 Kati i V
1000 Shkup
www.sei.gov.mk

Zyra në Tetovë
Rr.Ilindenit pa numër
QTQ, Kati I, lokali nr.28
1200 Tetovë

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина постапувајќи по службена должност на ден 20.08.2025 изврши редовен инспекциски надзор во правниот субјект ДТУ ДЕФАКТО РЕТАИЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ – Подружница ПАЛМА МАЛЛ ТЕТОВО, (47.71 – Трговија на мало со облека во специјализирани продавници) со седиште во ТЦ ПАЛМА МАЛЛ Тетово – Ул.Скопски Пат Бр.8 ПР 08/К1 05. При извршениот инспекциски надзор Државниот инспектор за животна средина изготви записник за констатација со Бр.29-770.

При надзорот е констатирано дека субјектот врши трговија на мало со облека во специјализирани продавници увезени од други држави и ги пушта во домашен пазар на РС Македонија.

Производите кои ги пушта во пазарот се пакувани во картонска и најлонска амбалажа, од која се јавуваат одредени количини на отпад од пакување. Количините на отпадот од пакување тежински ги надминуваат количините утврдени со член 26 од Законот за пакувње и отпад од пакување. Правниот субјектот нема изготвен годишен извештај за количините на отпад од пакување кој го пушта на пазарот на Р.С Македонија, не поседува дозвола како самостоен постапувач за управување со пакување и отпад од пакување и немаше склучено договор со колективен постапувач за управување со пакување и отпад од пакување.

Поради горе изнесеното Државниот Инспектор за Животна Средина донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина - канцеларија во Тетово под ИП Бр.29-770 на ден 25.08.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Bedri Sulejmani, Советник инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДТУ ДЕФАКТО РЕТАИЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ – Подружница ПАЛМА МАЛЛ ТЕТОВО со седиште во ТЦ ПАЛМА МАЛЛ Тетово – Ул.Скопски Пат Бр.8 ПР 08/К1 05